ВНАТРЕШНО УПАТСТВО

Ве молиме прочитајте го внимателно целото упатство бидејќи тоа содржи важни информации за Вас.
Овој лек се издава без рецепт за третман (ублажување) на полесни здравствени проблеми за кои не е потребно совет со лекар. И покрај тоа, треба да го употребувате СНИП претпазливо за да ви биде што повеќе од корист.

- *Чувајте го ова упатство. Можеби ќе Ви треба да го прочитате повторно.*
- *Ако Ви се потребни повеќе информации или совет обратете се на Вашиот доктор или фармацевт.*
- *Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да им го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури ако нивните симптоми се исти како Вашите.*

Ова упатство опфаќа:

1. Што претставува СНИП® и за што се користи?
2. Што е потребно да знаете пред да земете СНИП®?
3. Како се користи СНИП®
4. Можни несакани ефекти.
5. Чување и рок на употреба на СНИП®

СОСТАВ:
Активна супстанца: Секоја таблета содржи 325 mg ацетаминофен, 15 mg псеудоефедрин хидрохлорид и 1 mg хлорфенамин малеат.
Помошни материи: микрокристална целулоза, кроскармелоза содиум, целулоза во прашок и магнезиум стеарат.

Производител
Medochemie Ltd.,
1-10 Constantinoupoleos, P. O. Box.51409,
Limassol, CY-3505, Cyprus

Носител на одобрение за ставање на лек во промет:
Септима дооел
Ул. Сава Ковачевиќ 13 бр. 9
Скопје, Р.Македонија

1. ШТО Е СНИП® (SNIP®) И ЗА ШТО СЕ КОРИСТИ?

Парацетамолот припаѓа на групата лекови со аналгетска (против болка) и анти-пиретска (намалува на температура) активност. Псеудоефедринот е деконгестант кој помага полесно да дишете. Хлорфенамин е антихистаминик кој се употребува за олеснување на респираторните алергии. СНИП® е индициран за респираторни алергии или градна кашлица пропратена со температура.

СОСТАВ:

Активна супстанца: Секоја таблета содржи 325 mg ацетаминофен, 15 mg псеудоефедрин хидрохлорид и 1 mg хлорфенамин малеат.

Помошни материи: микрокристална целулоза, кроскармелоза содиум, целулоза во прашок и магнезиум стеарат.

Како изгледа СНИП® и содржина на пакувањето

СНИП® се бели, округли, плоснати таблети . Таблетите се пакувани во PVC - Al блистери. Секој блистер содржи 10 таблети, а картонското пакување содржи 1 блистер заедно со внатрешното упатство.

2. ШТО Е ПОТРЕБНО ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА ЗЕМЕТЕ СНИП®?

Не земајте СНИП® таблети доколку:

- сте алергични на парацетамол, хлорфенамин, псеудоефедрин или било кој од другите состојки на овие таблети.
- ако земате инхибитори на моноамино оксидаза.

Бидете претпазливи при употреба на СНИП® ако имате:

- Глауком
- Висок крвен притисок
- Срцеви заболувања
- Заболувања на тироидна жлезда
- Дијабетес
- Хипертрофична простата
- Опструкции на мочниот меур
- Стеноза на пептичен улцер
- Емфизема или хроничен бронхитис
- Бубрежни или хепатални заболувања

Доколку земате други лекови:

Информирајте го Вашиот лекар доколку земате, или неодамна сте земале, други лекови, вклучувајќи ги лековите кои ги земате без рецепти. Особено е важно да го информирате Вашиот лекар доколку земате:

- Седативи со централно дејство
- Холестирамин
- Метоклопрамид (за третман на мигрена)
- Домперидон (во третман на гадење и повраќање)
- Антидепресиви
- Антикоагулантна терапија (на пр. варфарин)
- Антиконвулзиви (на пр. фенитоин, барбитурати, карбамазепин) - за третмани на епилептични напади или конвулзии
- Лекови кои успиваат или релаксираат мускулатура
- Симпатомиметични лекови, како деконгестиви, супресори на апетитот и психостимуланси како амфетамин

Употреба на СНИП® со храна или пијалок

Никогаш не треба да пиете било каков алкохол додека земате СНИП®. Ако овој лек се зема со алкохол, неговите ефекти може многу да се потенцираат и да доведат до предозирање.

Бременост и доење

Ако сте бремени или пробувате да забремените, прашајте го Вашиот лекар за совет пред да земате било каков лек, вклучувајќи го и СНИП®. СНИП® не треба да се употребува во текот на бременоста.

Ако го користите овој лек додека доите, консултирајте се со Вашиот лекар. СНИП® не треба да се употребува во текот на доењето.

Управување на моторни возила и машини

СНИП® може да предизвика поспаност. Ако сте поспани не треба да возите или да управувате со машини.

3. КАКО СЕ КОРИСТИ СНИП®

Вашиот лекар ќе препорача колку и кога да земате СНИП®. Бројот на дозите што ги земате секојдневно, времето помеѓу дозите, времетраењето на терапијата зависи од здравствените проблеми поради кои го земате лекот. Прашајте го Вашиот лекар да ви објасни повеќе. Секогаш следете ги неговите инструкции. Инструкциите се наоѓаат во внатрешното упатство. Ако не сте сигурни прашајте го Вашиот доктор или фармацевт.

Возрасни:

Вообичаената доза е 1 до 2 таблети секои 4 до 6 часа, по потреба може да се земат највеќе 12 таблети на ден.

Адолесценти (над 12 години)

Вообичаената доза е 1 до 2 таблети секои 6 часа, по потреба може да се земат највеќе 8 таблети на ден.

Деца (од 6 до 11 години)

Вообичаената доза е 1 таблета секои 4 до 6 часа, по потреба може да се земат највеќе 6 таблети на ден. За деца помеѓу 6 и 8 години максимална препорачана доза е 5 таблети на ден.

Деца (под 6 години)

Не се препорачува.

Постари лица

Препорачано е намалување на дозата.

Лица со хепатални и бубрежни нарушувања

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ

Потребно е намалување на вкупната дневна доза.

Ако земете повеќе СНИП® отколку што треба

Предозирањето со овој лек е многу опасно, и може многу брзо да доведе до смрт. Веднаш треба да се побара лекарски совет дури и во случаите кога има предозираност а се чувствувате добро, бидејќи постои ризик за сериозни хепатални оштетувања. Ако Вие или некој друг земал преголема доза, одете до најблиската болница и не заборавајте да го земете со Вас пакувањето од лекот и преостанатите таблети.

Ако сте заборавиле да земете СНИП®

Ако сте заборавиле да ја земете дозата, подобро е да ја пропуштите , и следната доза да ја земете на време. Никогаш не земајте две дози одеднаш. Важно е да не го прекинете земањето на лекот се додека не ве посоветува Вашиот лекар, во спротивно Вашата здравствена состојба може повторно да се влоши.

4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ЕФЕКТИ

Како и при употрба на други лекови, така и при употреба на СНИП® може да се појават несакани ефекти.

Најчесто пријавени несакани ефекти:

- гадење, повраќање, вртоглавица, седација, анорексија, констипација, дијареа, стомачни болки

Други несакани ефекти:

- халуцинации, растројство на сонот
- осип
- забрзана или трепетна работа на срцето
- сува уста
- сувост во носот и грлото
- задршка на урина
- абнормално хепатално функционирање со хепатитис, жолтица
- Воспалување на делови од бубрезите
- реверзибилни промени во бројот и типот на крвните клетки

Ако приметите било кој симптом кој е или може да биде несакан ефект од лекот, мора да се прекине со земање на лекот и веднаш да се извести лекарот.

5. КАКО СЕ ЧУВА СНИП®

<u>Да се чува на места недостапни за деца.</u>

Да се чува на температура под 25 °C!

Да се чува во оргиналното пакување.

Да се чува на суво место заштитено од светлина.

Да не се употребува по истекот на рокот на употреба.

Лековите не треба да се фрлаат преку отпадните води или преку домашните отпадоци. Прашајте го вашиот фармацевт како да ги фрлите лековите кои не ви се потребни. Овие мерки ќе ви помогнат во заштитата на околината.

Начин на издавање на лекот:

" Лекот се издава во аптека без рецепт "

Датум на последна ревизија на внатрешно упатство:

Јануари 2016

Број и датум на одобрение за ставање на лек во промет

СНИП® таблети x 10 ; 15-2725/10 од 08.03.2011

За сите дополнителни информации во врска со овој лек или ако сакате да дознаете повеќе, или имате некои прашања, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.